

İSTANBUL ÜNİVERSİTESİ CERRAHPAŞA TIP FAKÜLTESİ
1967




Презентација од едукацијата во Cerrahpasa Medical Faculty,Department of Neonatology,intenzive care unit
Истанбул,Турција
20.02.2015-20.03.2015
Изработил:
гл.мед.сестра Винета Лекоска
Клиничка болница Битола-Неонатологија




Универзитетската клиника е составена од 20 посебни згради,со капацитет од 2500 студенти,а од 1967 година го има денешниот статус.







Едукацијата се одвиваше во единицата
за интензивна нега на прематурни
новородени и новородени со ризик на
кои им е потребен постојан
мониторинг.Почестена бев да го имам
за ментори проф.др.Назим Атаоглу и
гл.мед.сестра Нурај Дилек.


Giraffe



- Секој работен ден започнуваше со примопредавање за состојбата на новородените од страна на дежурната смена.
- Една сестра беше одговорна на три инкубатори.
- Сестрата беше задолжена за негата,мониторингот,давањето на терапија и исхраната на новороденото.
- Водеше евиденција за секое новородено посебно.

Во овој оддел се запознав со третманот кај недоносени и родени со ризик,нивната нега,исхраната.Голем број од овие новородени беа поставени на респиратор или CPAP. Опремен е со 9 најсовремени инкубатори и соодветна апаратура.



**Мониторинг:**Новородените се мониторираат на секои 4 часа а по потреба и постојано(пулс,дишење,$SpO_2$,температура,столица,диуреза и сл.).

**Нега:**Таа е различна кај секое новородено во зависност од неговата состојба.Кај некои е со препбришување со влажна пелена,а кај некои негата се одржува со капење.

**Исхрана:**Се практикува мајчино млеко,а кога тоа не е можно се хранат со вештачко млеко.Хранењето започнува со назогастрична сонда до оспособување на новороденчето да се храни со цуцла или да цица од својата мајка.Измолзеното млекото од мајките се чува 3 часа на собна температура,3 дена во фрижидер на одржување и 3 месеци замрзнато.

Во склоп на гинеколошко-акушерското одделение постои и “Bebek odası”-соба за прием на здрави новородени кои по 2 часа престој во оваа соба одат кај своите мајки.







# Сестрите при универзитетската клиника секој понеделник имаат едукативни работилници со презентации за најновите достигнувања и начини на работа на мадицинските сестри.







# Цели на одделот за интензивна нега

-Да донесат на свет здраво новородено кое после долгиот третман ќе си замине во домот кај своите родители.

Радоста и насмевката на лицата на родителите кои после долго време во своите раце си го земаат своето новородено е најголемата благодарност до персоналот кој се грижел подолго време за него.









